# ЈАВЕН ПОВИК | за XXX-та седница на Собрание на Акционери на Охридска банка АД Охрид

Согласно Одлуката на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Охрид НО.бр.0202-1513/3 од 26.03.2013 год., XXX-та Седница на Собрание на Акционери на Охридска банка АД Охрид, ќе се одржи на ден 17.04.2013 година (среда) со почеток во 12.00 часот, во просториите на Хотел Александар Палас, Бул. Октомвриска Револуција бр. 15, Скопје (Конгресна Сала 2).

За работата на XXX-та седница на Собранието на акционерите на Охридска банка АД Охрид, Надзорниот одбор на Охридска банка АД Охрид, го предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието.
2. Избор на работни тела:
   - Избор на Претседавач,
   - Записничар (Нотар) и Комисија за броење гласови.

**II. Работен дел**

1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел.
2. Усвојување на Записникот од XXIX-та седница на Собрание на Акционери на Банката.
3. Воведно излагање на Претседателот на Управниот одбор на Банката.
4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Охрид за 2012 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со

   Предлог - Одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Охрид за 2012 година, од аспект на поединечните членови и колективно.
5. Извештај за работењето на Одборот за ревизија на Охридска банка АД Охрид за 2012 година, со

   Предлог - Одлука за усвојување на извештајот за работењето на Одборот за ревизија на Охридска банка АД Охрид за 2012 година.
6. Годишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Охридска банка АД Охрид за 2012 година со писмено мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со

   Предлог - Одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Охридска банка АД Охрид за 2012 година и писменото мислење.
7. Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Охрид за 2012 година со писмено мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со

   Предлог - Одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Охрид за 2012 година и писменото мислење.
8. Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Охрид по годишната сметка за 2012 година, со мислење на ревизорска куќа Deloitte ДОО од Скопје, и писмено мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со

   Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот на Ревизорската куќа Deloitte ДОО за работењето на Охридска банка АД Охрид, за 2012 година и писменото мислење.
9. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Охрид за 2012 година, со

   Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Охрид за 2012 година, и

   Предлог - Одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Охрид со годишната сметка за 2012 година.
10. Развоен план и деловна политика со финансиски план на Охридска банка АД Охрид за 2013-2015 година, со

    Предлог - Одлука за усвојување на развојниот план и деловната политика со финанскиот план на Охридска банка АД Охрид за 2013-2015 година.
11. Предлог - Одлука за усвојување на листа на нето должници на Охридска банка АД Охрид за 2012 година.
12. Предлог - Одлука за одобрување на Кодексот за корпоративно управување.
13. Предлог - Одлука за разрешување на членови на Надзорен одбор на Охридска банка АД Охрид.
14. Предлог - Одлука за именување на членови на Надзорен одбор на Охридска банка АД Охрид.
15. Предлог - Одлука за разрешување на членови на Одбор за ревизија на Охридска банка АД Охрид.
16. Предлог - Одлука за именување на членови на Одбор за ревизија на Охридска банка АД Охрид.

Се повикуваат акцинерите на Охридска банка АД Охрид, да присуствуваат и учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание, или со претходно доставување на писмена пријава за учество на адресата на Банката:

Охридска банка АД Охрид
Македонски Просветители бр.19
6000 Охрид
со назнака “за Собрание на акционери”

Обрасците за пријава на учество на седницата може да се најдат на интернет страницата на Банката **www.ohridskabanka.mk**.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот на Банката и одредбите од Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти со писмено полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име, за што е должен веднаш да ја извести Банката, а во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното. Деталните информации за начинот на овластување на полномошник, обрасците за гласање преку полномошник и начинот на известување за овластување на полномошник, може да се најдат на интернет страницата на Банката **www.ohridskabanka.mk**.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот повик за свикување на Собрание, односно најдоцна до 04.04.2013 година до 16.00 часот, да предложат дополнување на дневниот ред на Собранието, со барање за вклучување нови точки на дневен ред и да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на свиканото Собрание.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на самата седница или претходно со доставување на прашање во писмена форма на горенаведената адреса на Банката.

Детални информации за начинот на предлагање на точки на дневниот ред, поставувањето на прашања и предлагањето одлуки може да се најдат на интернет страницата на Банката **www.ohridskabanka.mk**.

Акционерите можат да се запознаат со материјалите од дневниот ред по кој ќе работи Собранието и дополнителните иформации согласно Законот за трговски друштва, во просториите на Охридска банка АД Охрид, секој работен ден од 8.00 до 15.00 часот и на интернет страницата на Банката **www.ohridskabanka.mk**.

НО.бр.0202-1791/1
26.03.2013 год.
Охрид

НАДЗОРЕН ОДБОР,
Претседател,
Дидие Колин

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP